ЗАПИСНИК ОД СТУДИСКАТА ПОСЕТА ВО ХРВАТСКА

Тема: Мониторинг и евалуација на јавните политики

Период: 27 – 30 октомври 2025 година

Учесници: Претставници од јавните институции на Република Северна Македонија – посетители на обуката за мониторинг и евалуација (јули 2025 година)

I. ВОВЕД

Во рамки на активностите за унапредување на системот за мониторинг и евалуација (M&E) во јавната администрација на Република Северна Македонија, во периодот од 27 до 30 октомври 2025 година беше организирана студиска посета во Република Хрватска. Посетата имаше за цел размена на искуства, учење од добри практики и запознавање со институционалните и регулаторните механизми кои ја поддржуваат имплементацијата на M&E во системот на стратешко планирање и управување со развојот.

Програмата опфати средби со релевантни институции и експерти во областа на евалуација на јавни политики, запознавање со законските и подзаконските решенија во Хрватска, како и дискусија за можностите за адаптација и примена на слични модели во Северна Македонија (Програмата е во прилог записникот).

II. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Систематски пристап кон M&E

- Национална развојна стратегија на РСМ, подготвена во партиципативен процес со вклучување на широк спектар на засегнати страни, е главната одредница на развојните приоритети до 2044 година.
- Затоа неопходно е да се изготви план за следење и оценка на Националната развојна стратегија на РСМ, кој ќе ги опфати процесите, индикаторите и институционалните одговорности во спроведувањето на M&E.

2. Регулатива и политичка поддршка

- Развојот на регулативата за спроведување на евалуација повеќе не е прашање дали е потребна туку како да се изготви.
- Во таа насока беше укажано дека клучно обезбедувањето на силна политичка поддршка за нејзино донесување и практична примена, бидејќи без таква поддршка, имплементацијата на евалуацијата во процесот на следење и подобрување на стратешките планови и јавните политики ќе биде ограничена.
- Потребно е да се воспостави законска рамка за регулирање на евалуацијата, (примерот на хрватскиот Закон за систем за стратешко планирање и управување со развојот, https://razvoj.gov.hr/istaknute-teme/sustav-strateskog-planiranja-i-upravljanja-razvojem-republike-hrvatske-4570/4570) и подзаконскиот акт .Pravilnik o provedbi postupka vrednovanja akata strateškog planiranja od nacionalnog značaja i od značaja za jedinice lokalne i područne (regionalne) samouprave

3. Градење на капацитети

- Потребно е воспоставување на долгорочна програма за јакнење на капацитетите преку обуки за мониторинг и евалуација , размена на искуства и партнерства со земји кои имаат развиени и напредни M&E системи.
- Градењето на капацитетите треба да се спроведува паралелно на централно и локално ниво, како и во контекст на европски програми и проекти.

4. Професионализација на евалуацијата

- Заради обезбедување на одржливост, квалитет и професионалноста во спроведувањето на мониторингот и евалуацијата потребно е да се дефинира и формално признае професијата евалуатор, во согласност со меѓународните практики и искуства на земјите кои веќе имаат воспоставен регистар на ова занимање.

5. Континуирана едукација и промоција

- Да се обезбеди редовна едукација и промоција на значењето и придобивките од ex-ante и тековна евалуација, со цел подобрување на културата на планирање и одлучување засновано на докази, како и обезбедувањето на изводливост и усогласеност на стратешките развојни документи.

6. Јасна разлика помеѓу типови на евалуација

- Треба да се направи јасна дистинкција помеѓу евалуацијата на јавни политики и развојни стратегии и евалуацијата на поединечни проекти или апликации.

III. ПРЕПОРАКИ ЗА НАРЕДНИ АКТИВНОСТИ

1. Меѓудржавна соработка и пренос на знаење

- Да се разгледа можноста за спроведување твининг проекти со Република Хрватска за пренос на знаења, искуства и пракса во областа на M&E.
- Предлог за подготовка на Меморандум за соработка меѓу релевантните министерства на двете земји во областа на мониторингот и евалуацијата.

2. Институционално зајакнување

- Да се промовираат придобивките од M&E системите кај националните и локалните институции (ЗЕЛС, плански региони и општини),
- Да се воспостават партнерства меѓу локалните и регионалните власти на РСМ и РХ за размена на добри практики.

3. Развој на човечки ресурси

- Да се воспостави национална програма за обука и сертификација на евалуатори и да се поттикне академска и професионална соработка со универзитети и истражувачки центри во регионот.

4. Правна и институционална рамка

- Да се подготви нацрт-закон или уредба за евалуација, усогласен со европските и хрватските модели и

- да се обезбеди интеграција на M&E во системот на стратешко планирање и управување со јавните политики.

IV. ЗАКЛУЧОК

Студиската посета овозможи практично учење од хрватското искуство и отвори можности за регионална соработка во воспоставувањето на сеопфатен и професионален систем за мониторинг и евалуација во Северна Македонија. Следните чекори треба да се насочат кон институционализација на процесите, законско регулирање на евалуацијата и градење на капацитети за одржлива примена на M&E во сите сектори на јавната администрација.